Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 10 - 1157/1
13 . 09 20 23 год.-vit
Скопје-Shkup

Врз основа на член 9-д став (1) алинеја 11, а во врска со член 3 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ТРАНСПОНИРАЊЕ НА АМАНДМАН БР. 2 НА ICAO АНЕКС 16 Том III**

1. Оваа оперативна директива за безбедност се носи согласно членовите 37 и 38 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство (Чикашката Конвенција), а во врска со усвојување на Амандман 2 на ICAO Анекс 16 Том III.

2. Целта на оваа оперативна директива за безбедност е да се обезбеди хармонизација на македонскиот правен систем со регулативите и практиките на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: ICAO) заради обезбедување на безбеден, сигурен и одржлив развој на меѓународното цивилно воздухопловство преку прифаќање на документите на истата.

3. Со оваа оперативна директива за безбедност се прифаќа Амандман 2 на ICAO Анекс 16 Том III кој се однесува на меѓународните стандарди и препорачани практики за емисија на $CO_2$ на воздухоплови.

4. Оваа оперативна директива за безбедност ќе се применува до прифаќање на Амандман 2 на ICAO Анекс 16 Том III во соодветна ЕУ Регулатива, односно до нејзино транспонирање во соодветен национален пропис.

5. Оваа оперативна директива за безбедност влегува во сила од денот на објавување на интернет страната на Агенција за цивилно воздухопловство а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**Директор на**
**Агенција за цивилно воздухопловство,**

**д-р Томислав Тунтев**